**Прашање:**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), ве замолувам за испраќање на информациите кои се побани во Образец ПП во Прилог 1, односно барам испраќње на **Авторски договори и месечни извештаи за хонорарно ангажирани лица во периодот од Март 2020 година до Март 2021 година** за следните: [redacted]

## Одговор:

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, пратено по е-маил на ден 10.03.2023 година, а кое се однесува на авторски договори и месечни извештаи за ангажирани хонорарци во периодот март 2020 година до март 2021 година, и тоа [redacted], Ве известуваме дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, односно Секретаријатот за законодавство нема склучено авторски договори со посочените лица, ниту пак истите се ангажирани како хонорарци во Секретаријатот за законодавство.

Освен тоа, Секретаријатот за законодавство не може да постапи согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), согласно кој ако имателот на информации што го примил барањето не располага со бараната информација веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, е должен да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата и за тоа да го извести барателот, со оглед дека Секретаријатот за законодавство нема сознанија за тоа која институција би можела да биде имател на бараната информација.

**Прашање:**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот - Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. Дали и кога **Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство** има назначено Офицер за заштита на личите податоци согласно последниот Закон за заштита на личните податоци кој е донесен во Февруари 2020 година, а е во сила од 24ти Август 2021 година?

   1.1. Доколку не е назначен, постојат ли причини зошто **Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство** нема назначен Офицер за заштита на личните податоци и не е започната постапката за усогласување на работењето со законот за заштита на личните податоци со оглед дека веќе 18 месеци законот за ЗЛП е во сила и примена.

   (**НАПОМЕНА:** *Доколку **Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство** нема назначено офицер за заштита на личните податоци немате обврска да одговорите на понатамошните прашања*)

2. Дали назначениот Офицер за ЗЛП врши и друга функција во **Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство** со која ОБРАБОТУВА или НЕ ОБРАБОТУВА лични податоци?

3. Дали назначениот офицер за ЗЛП во **Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство** направи во изминатите месеци ДЕЛУМНО/ЦЕЛОСНО усогласување на работењето на **Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство** со Законот за заштита на личните податоци и со кои проблеми се соочуваа Офицерот и институцијата при донесувањето на потребните акти и правилници за потребите на усогласување со законот за ЗЛП?

4. Дали веб странатa на **Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство** јавно и транспарентно има истакнато **Политика за колачиња (COOKIES)** и **Политика за приватност** со **контакт информации за Офицерот за заштита на личните податоци** и дали може да ни доставите

линкови од истите?

5. Дали Офицерот за заштита на личните податоци или друго надворешно лице или фирма **организираа обуки за вработените** за начинот на третман и обработка на личните податоци во **Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство** со цел да се стекнат со доволно познавање и вештини за работа со лични податоци во согласност со обврските што произлегуваат од донесените акти и правилници и од Законот за заштита на личните податоци?

6. Дали **Влада на РСМ - Секретаријат за законодавство** би ги објавила јавно и транспарентно на Вашата веб страна сите акти, документи, правилници и одлуки за усогласување со законот за заштита на личните податоти за корисниците, граѓаните и гласачите да имаат увид како се чуваат и обработуваат нивните лични податоци од страна на институцијата и од страна на вработените во Вашата институција?

**Одговор:**

1. Дали и кога Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство има назначено Офицер за заштита на личите податоци согласно последниот Закон за заштита на личните податоци (*) кој е донесен во Февруари 2020 година, а е во сила од 24ти Август 2021 година?

- Има назначено Офицер за заштита на личите податоци согласно последниот Закон за заштита на личните податоци (*) во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, кој е донесен во февруари 2020 година, а е во сила од 24ти Август 2021 година, и тоа на ден 08.01.2021 година бил назначен тогаш актуелниот офицер [redacted] а со неговото заминување од Секретаријатот за законодавство назначена на 01.03.2022 година е сега актуелниот офицер [redacted].

1.1. Доколку не е назначен, постојат ли причини зошто Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство нема назначен Офицер за заштита на личните податоци и не е започната постапката за усогласување на работењето со Законот за заштита на личните податоци (*) со оглед дека веќе 18 месеци Законот за заштита на личните податоци (*) е во сила и примена?

- /

(НАПОМЕНА: Доколку Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство нема назначено офицер за заштита на личните податоци немате обврска да одговорите на понатамошните прашања)

2. Дали назначениот Офицер за Законот за заштита на личните податоци (*) врши и друга функција во Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство со која ОБРАБОТУВА или НЕ ОБРАБОТУВА лични податоци?

- Да, врши друга функција и тоа Раководител на одделение за општи работи и НЕ ОБРАБОТУВА лични податоци.

3. Дали назначениот офицер за Законот за заштита на личните податоци (*) во Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство направи во изминатите месеци ДЕЛУМНО/ЦЕЛОСНО усогласување на работењето на Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство со Законот за заштита на личните податоци (*) и со кои проблеми се соочуваа Офицерот и институцијата при донесувањето на потребните акти и правилници за потребите на усогласување со Законот за заштита на личните податоци (*)?

- По однос на донесувањето на потребните акти и правилници за потребите на усогласување со Законот за заштита на личните податоци (*), односно усогласување на работењето на Секретаријатот за законодавство со Законот за заштита на личните податоци (*), посочуваме дека сме во фаза на изработка на потребната докуметација согласно посочениот закон, за што работиме во координација и со Агенцијата за заштита на личните податоци.

4. Дали веб страната на Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство јавно и транспарентно има истакнато Политика за колачиња (COOKIES) и Политика за приватност со контакт информации за Офицерот за заштита на личните податоци и дали може да ни доставите линкови од истите?

- Да, имаме на нашата веб страна јавно и транспарентно има истакнато Политика за колачиња (COOKIES) и Политика за приватност со контакт информации за Офицерот за заштита на личните податоци кои може да ги најдете на истата на следните линкови:

- http://sz.gov.mk/data_pdf/inf_cookie.pdf - и
- http://sz.gov.mk/pages/szoinfo.

5. Дали Офицерот за заштита на личните податоци или друго надворешно лице или фирма организираа обуки за вработените за начинот на третман и обработка на личните податоци во Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство со цел да се стекнат со доволно познавање и вештини за работа со лични податоци во согласност со обврските што произлегуваат од донесените акти и правилници и од Законот за заштита на личните податоци (*)?

- Да, во 2022 година беа организирани обуки за вработените за начинот на третман и обработка на личните податоци во Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство со цел да се стекнат со доволно познавање и вештини за работа со лични податоци во согласност со обврските што произлегуваат од донесените акти и правилници и од Законот за заштита на личните податоци (*), од страна на ЕУ твининг-проект „Поддршка во спроведувањето на

модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“ и Агенцијата за заштита на лични податоци која траеше повеќе месеци во 2022 година.

**6.** Дали Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство би ги објавила јавно и транспарентно на Вашата веб страна сите акти, документи, правилници и одлуки за усогласување со Законот за заштита на личните податоци (*) за корисниците, граѓаните и гласачите да имаат увид како се чуваат и обработуваат нивните лични податоци од страна на институцијата и од страна на вработените во Вашата институција?

- Да, би ги објавиле јавно и транспарентно на нашата веб страна сите акти, документи, правилници и одлуки за усогласување со Законот за заштита на личните податоци (*) за корисниците, граѓаните и гласачите да имаат увид како се чуваат и обработуваат нивните лични податоци од страна на институцијата и од страна на вработените во нашата институција.

**Прашалник:**

1. Дали на веб страната ги имате објавено задолжителните информации од член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер?

☒ **ДА**
☐ **НЕ**
**ЛИНК ( http://sz.gov.mk/pages/lijk )**

2. Дали објавените информации редовно ги ажурирате на месечно ниво?

☒ **ДА**
☐ **НЕ**

3. Дали на веб страната ги имате објавено анонимизирано барањата за пристап до информации од јавен карактер за 2020, 2021, 2022 и 2023 година, заедно со одговорите кои веќе сте ги доставиле до барателот со цел да можат да бидат повторно употребувани од други физички и правни лица без повторно поднесување на барање со иста содржина и тоа:

☐ **ДА**
☒ **НЕ**
**ЛИНК (ако одговорот е ДА внесете го линкот)**

4. Дали имате поставено банер со наслов „Информации од јавен каракатер“ на видливо место на веб-страната и истиот да води до информациите од јавен карактер (барање и одговор по барањето)?

☒ **ДА**
☐ **НЕ**
**ЛИНК ( http://sz.gov.mk/ )**

5. Дали ги имате објавено информациите од јавен карактер систематизирано по области, согласно член 10 став 1 точка 22 –“други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата” од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како што е наведено во Упатството за подобрување на транспарентноста на институциите од јавен сектор?

☐ **ДА**
☒ **НЕ**
**ЛИНК (ако одговорот е ДА внесете го линкот)**